# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 8/2021 Пробиштип 03.08.2021 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.52 одржана на ден 30.07.2021 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за утврдување на нацрт верзија на ДУП за УБ 3 за град Пробиштип бр. 26-794/3,
2. Одлука за утврдување на нацрт верзија на ДУП за УБ 6.1 за град Пробиштип бр. 26-794/4,
3. Одлука за усвојување на предлог Урбанистички план за вон населено мести со основна класа на намен Е2-комунална супраструктура за фотоволтаична централа во Ко Бучиште и КО Петршино бр.26-794/5,
4. Одлука за проширување на Буџет на Општина пробиштип за 2021 година бр.26-794/6,
5. Одлука за усвојување на Елаборат за потребите на туристичко научниот музеј во состав на Општинската установа дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип бр.26-794/7,
6. Програма за измена на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2021 година бр.26-794/8,
7. Дополнување на Програмата за урбанизам на ОПштина Пробиштип за 2021 година бр.26-794/9,
8. Одлука за измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година бр.26-794/10,
9. Закличок по барање од СРК Маркат Скопје за одржување на јавна манифестација бр.26-794/11,
10. Заклучок по барање од Црковен одбор на Манастирот Св. Илија-Крст-Калниште бр.26-794/12,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-794/14
03.08.2021 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 27 став (5), а во врска со став (3) и (4) од истиот член, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05,25/14,29/15и23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува **Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, по претходно добиеното Стручно мислење од Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот на Општина Пробиштип, со Решение Бр. 08 – 394/1 од 30.03.2021 год.

Границата на конкретниот плански опфат е опфатена со важечка планска документација односно дефинирана е со усвоениот ГУП за град Пробиштип со плански период за 1995-2005 (Одлука Бр.08-335/2 од 03.07.1997г.) и со границите на соседните блокови:

- На **север** со Урбан Блок 6.1
- На **исток** со Урбан Блок 4.1
- На **југ** со Урбан Блок 2.3
- На **југо-исток** со Урбан Блок 2.1
- На запад граница е самата граница на ГУП

Според ДУП за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=23,7588 ха**.

**Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 03/2021 од јули 2021, за плански период 2021-2026, е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во „Службен гласник" на Општина Пробиштип.

Број 26-794/3
30.07.2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 27 став (5), а во врска со став (3) и (4) од истиот член, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05,25/14,29/15и23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 6.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа Одлука **се утврдува Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 6.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, по претходно добиеното Стручно мислење од Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот на Општина Пробиштип, со Решение Бр. 08 – 394/1 од 30.03.2021 год.

Границата на конкретниот плански опфат е опфатена со важечка планска документација односно дефинирана е со усвоениот ГУП за град Пробиштип со плански период за 1995-2005 (Одлука Бр.08-335/2 од 03.07.1997г.) и со границите на соседните блокови:

- **На север со Урбан Блок 12.2**
- **На исток со Урбан Блок 6.2**
- **На југ со Урбан Блок 3**
- **На запад граница е самата граница на ГУП**

Според ДУП за Урбан Блок 6.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П=17,16 ха.

**Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 6.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 02/2021 од јули 2021, за плански период 2021-2026, е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија **„ИН-ПУМА" Скопје.**

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во „Службен гласник" на Општина Пробиштип.

Број 26-794/4
30.07.2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 39 став 1, а во врска со член 38 став 4, од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и бр.168/18год.) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05,25/14,29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Конечен Предлог план - Урбанистички план за вон населено место со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1,1490,1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Конечниот Предлог план - Урбанистички план за вон населено место со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1,1490,1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - Општина Пробиштип, по претходно добиената Согласност од страна на Министерството за транспорт и врски, со Арх.бр. 24-3919/4 од 13 јули 2021 година, Скопје.

**Член 2**

Границата на конкретниот плански опфат е дефинирана на следниот начин:

- Североисток – КО Петршино: дел КП бр.1066, дел КП бр.1532
- Југоисток – КО Бучиште: КП 116/5
- Југозапад – КО Петршино: КП 1363/2, КП 1364/6, КП 1364/2
- Исток – дел КП 1533, дел КП 1361/2, дел КП 1365/1, дел КП 1533
- Север – КП 1364/3
- Исток – КП 1363/1, дел КП 968, КП 102/8
- Југоисток – КП 102/10
- Исток – КО Бучиште: дел КП 968
- Југ – дел КП 2, дел КП 3
- Југозапад – КП 13, дел КП 1533, дел КП 13, дел КП 10, дел КП 8
- Југ –КО Петршино: дел КП 1490, КП 1501, КП 1502
- Исток – дел КП 1503
- Запад – КО Бучиште: дел КП 34, дел КП 33, дел КП 967
- Југ – дел КП 55/2, КП 54/2, КП 54/3, КП 54/1, КП 55/1
- Југозапад – КО Лезово: КП 31, КП 3, КП 31
- Север – КО Бучиште: КП 43, КП 44/2, КП 44/1, дел КП 55/2, дел КП 42, дел КП 35, дел КП 34
- Запад – КО Петршино: дел КП 1503
- Север – дел КП 1501
- Исток – КО Петршино: дел КП 1490
- Североисток – КО Бучиште: дел КП 8, дел КП 5, дел КП 12, дел КП 11
- Запад – дел КП 3, дел КП 2, дел КП 968, дел КП 1/2, дел КП 3
- Запад – КО Петршино: дел КП 1533, дел КП 1365/1, дел КП 1533, дел КП 1365/1, дел КП 1361/2, дел КП 1533, дел КП 1365/1
- Север – дел КП 1533, КП 1362/1
- Запад – КП 1362/2, дел КП 1532

Се наоѓа во КО Петршино и КО Бучиште во општина Пробиштип, јужно од градот Пробиштип.

Во границите на планскиот опфат планирани се **34** градежни парцели со намена Е2 (фотоволатични централи) и една со намена Е3 (трафостаница).
Вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=44,35 ха**.

Конечниот Предлог план - Урбанистички план за вон населено место со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1,1490,1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - Општина Пробиштип, со Тех.Број 279/20 од април 2020, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ТЕКТОН“ ДООЕЛ Скопје.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во „Службен гласник” на Општина Пробиштип.

Број 26-794/5
30.07.2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За проширување на средства во Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на селдните потставки: | | | | |
| А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | |
| 742111 Приходи од обединетите нации | 0 | 0 | 243.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 243.000 | 0 |
| И се распоредуваат на следните расходни поставки: | | | | |
| Т10 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 243.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 243.000 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година.

Број 26-794/6 Совет на Општина Пробиштип
30.07.2021 година Претседател,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 53 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Елаборат за потребите на туристичко-научниот музеј во состав на Општинската установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Елаборатот за потребите туристичко-научниот музеј во состав на Општинската установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип бр. 08-812/1 од 28.07.2021 година.

Член 2

Совставен дел на оваа одлука е Елаборатот за потребите туристичко-научниот музеј во состав на Општинската установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип бр. 08-812/1 од 28.07.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробитштип.

Број 26-794/7 Совет на Општина Пробиштип
30.07.2021 година Претседател,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седицата одржана на ден 30.07.2021 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**За изменување на Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2021 година**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-928/8 од 30.11.2020 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр. 30/2019 година, Програма за измена на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-1011/16, од 29.12.2020 година , Програма за измена на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-553/30, од 25.05.2021 година, а во врска со Светската пандемија на Ковид - 19, заради мерките од страна на Владата на РСМ, заради која не сме во можност да организираме одредени настани и манифестации. Од таа причина се врши измена на Програмата и тоа:

Се врши изменување во следните точки:

Во точката 9 - 28 Август-Голема Богородица износот 1.166.000,00 денари се менува со износ 1.078.000,00 денари или за 88.000,00 денари помалку.

Точка 22 - Поддршка на општинските училишта за реализирање на активности од Стратегијата на Општина Пробиштип за Меѓуетничка интеграција во образованието износот 100.000,00 се менува со износ 60.000,00 или за 40.000,00 денари помалку.

Се брише точката 27 - Други потреби на Општина Пробиштип.............72.000,00

Со оваа измена вкупниот износ од 2.319.415,00 денари се менува и гласи 2.119.415,00 денари.

Програмата за изменување на Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2021 година, влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-794/8 Совет на Општина Пробиштип
30.07.2021 година Претседател,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6,7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“ бр.4/2005), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година ја усвои следната:

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

Се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2021 година, бр.26-928/16 од 30.11.2020 година („Службен Гласник на Општина Пробиштип,, бр.42/2020 ) и тоа:

Се врши дополнување на точката 4 со нов став 4.8 кој гласи:

**4.8 ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ) за изградба на Е1.13-Соларни и фотоволтаични електрани и плантажи на: КП.бр.2647, КП.бр.2632,КП.бр.2643,КП.бр.2642,КП.бр.2644,КП.бр.2639,КП.бр.2638,КП.бр.2604,КП. бр.2603КП.бр.2602, КП.бр.2605 и КП.бр.2601, КО Добрево, Општина Пробиштип со П=4,32 Ха (со ревизија)**

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

**Е – ИНФРАСТРУКТУРА, Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

**Д- ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**

**Д2- заштитно зеленило** во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони;

Се врши дополнување на точката 5 - Финансиски дел во Табеларниот Преглед под под реден број 4-Изработка на друг вид на УПД се додава нов ред УПВНМ КО Добрево со П=4,32Ха а во Колоната „Самофинансирање„ се додава сума од 200.000,оо ден.

Износите„СЕ ВКУПНО„ се менуваат и тоа во колоната „Самофинансирање„ изнесува 1.420.000,оо денари и во колоната „Вкупно изнесува 5.885.760,оо денари.

Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2021 година влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-794/9 Совет на Општина Пробиштип
30.07.2021 година Претседател,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година, донесе:

## ОДЛУКА
### За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| К20 МУЗИЧКО И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 426990 Други оперативни расходи | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година.

Број 26-794/10
30.07.2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година, расправајќи по барањето од СРК Маркат доо Скопје, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се прифаќа барањето од СРК Маркат доо Скопје бр. 26-813/1 од 29.07.2021 година за одржување на јавна манифестациј а на 21.08.2021 година на локација Аква парк Пробиштип.

2. Општина Пробиштип дава подршка на сите наведени точки во барањето и тоа:
   - Користење на фудбалско игралиште со придружни објекти,
   - Присуство на противпожарно возило,
   - Присуство на екипа за брза помош,
   - Помош за расчистуввање на смет после манифестацијата,
   - Поставување на контејнери и канти за смет на игралиштето,
   - Косење на игралиштето и помошното игралиште пред настанот,
   - Приклучок на електрична енергија.

3. Општина Пробиштип го продолжува работното време на угостителските објекти најмногу до два часа од утврденото работно време со Законот за угостителска дејност за манифестацијата која ќе започне на ден 21.08.2021 година и ќе заврши на ден 22.08.2021 година .

4. Заклучокот стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-794/11
30.07.2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.07.2021 година, расправајќи по барањето од Црковниот одбор на Манастирот Св. Илија-Крст-Калниште, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Црковниот одбор на Манастирот Св. Илија-Крст-Калниште од Пробиштип бр. 26-792/1 од 23.07.2021 година за одобрување на материјали за изградба на објекти кај манастирот (проширување на трпезарија, настрешница и летниковец) се прифаќа.

2. Се задолжува Градоначалникот во рамките на можностите на општината да одобри финансиски или материјални средства.

3. Одобрените средства да се користата строго наменски.

4. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-794/12
30.07.2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.